РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1422/6
26.02. 2024 год.-viti

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 13.03.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог. | Вредност |
| 08 | 47514 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 69 седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Филозофија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Филозофија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по филозофски науки /во меѓународен промет академски назив: PhD in Philodophy

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 605 Филозофија, Научно - истражувачко област: 60500 Историја на филозофијата, 60501 Логика, 60502 Онтологија, 60503 Етика, 60504 Естетика.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р проф.д-р Бранислав Саркањац, проф. д-р Ана Димишковска, проф. д-р Дејан Донев, проф. д-р Ристо Солунчев, проф. д-р Јасмина Поповска, проф. д-р Марија Тодоровска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-873/8 од 29.09.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Филозофија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-1335/15 од 19.10.2023 година (наш бр. 08 - 1422/1 од 10.11.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 66-та седницата одржана на 17.11.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 1422/3 од 10.01.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 69-та седница одржана на 27.12.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 октомври 2024 година, дава

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија" на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено 06-11-2024
08 475/6

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-1422/6 од 26.2.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, достави Барање бр. 08-475/3, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-391/1 од 17.5.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија" на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-391/2 од 26.9.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 4.10.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-391/3 од 7.10.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Филозофија" на Филозофски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-10145/5**
**22 октомври 2024 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата